**20221502016**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 127 став (2) и член 206 став (1) алинеја 5 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈА ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ, КАКО И ПРИ УНАПРЕДУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА КАРИЕРА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 218/19), членот 8 се брише.

Член 2

Во член 9 во ставот 2 по зборовите „работни места во“ се додаваат зборовите „Министерството односно“.

Член 3

Во членот 21 во алинејата 4 зборовите „а кои се утврдени за“ се заменуваат со зборовите „од областа на работите што се вршат на“.

Член 4

Членот 22 се брише.

Член 5

Во член 23 ставот 1 се менува и гласи:

„По спроведување на селекцијата и избор на кандидат за распоредување односно унапредување на друго работно место, комисијата со одлука врши избор на кандидат кој ќе биде распореден односно унапреден на друго работно место согласно условите предвидени со закон.“.

Во ставот 2 зборот „извештајот“ се заменува со зборот „записникот“.

Член 6

Членот 24 се менува и гласи:

„Од страна на надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси за организациски единици за потребите на Министерството односно Бирото, во зависност од тоа кој ја спроведува селекцијата и изборот на кандидат за распоредување односно унапредување на друго работно место, работниците кои не се избрани писмено се известуваат.“.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-65396/1 | Министер |
| 14 јуни 2022 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |